**Уп. бр. 08-104 /2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АикГруп (КИ) Лимитед со регистрирано седиште на Крину 3, Д Овал, Стан/Канцеларија 502, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар, доставено преку Филип Зафировски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 22.07.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АикГруп (КИ) Лимитед со регистрирано седиште на Крину 3, Д Овал, Стан/Канцеларија 502, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар има намера да стекне единствена контрола над Подравска банка д.д., со регистрирано седиште во Опатичка 3, 48000 Копривница, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 23.06.2026 година, а дополнето на 10.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на АикГруп (КИ) Лимитед со регистрирано седиште на Крину 3, Д Овал, Стан/Канцеларија 502, 4103 Агиос Атанасиос, Лимасол, Кипар, со која АикГруп (КИ) Лимитед, има намера да стекне единствена контрола над Подравска банка д.д., со регистрирано седиште во Опатичка 3, 48000 Копривница, Република Хрватска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната, и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**АикГруп (КИ) Лимитед** е финансиско холдинг друштво кое е краен финансиски холдинг на банкарската група – 'банкарска групација АикГруп' – активна во финансискиот сектор, вклучувајќи банкарско, брокерско и берзанско работење, првенствено на српскиот, словенечкиот и црногорскиот пазар.

АикГруп е дел од групацијата на друштва чие крајно матично друштво е Агри Холдинг АГ (*Agri Holding AG*), Швајцарија ("**МК Груп**"). АикГруп е финансиско холдинг друштво кое управува со банкарската дивизија на МК Груп, која е активна во финансискиот сектор, вклучувајќи банкарство, брокерски услуги и работење на берзата.

Деловното работење на друштвата во рамки на МК Груп е организирано во неколку дивизии:

-МК Агро-храна– земјоделска дивизија која се состои од четири поддивизии: МК Земјоделство, МК Месо, МК Шеќер и МК Други МСП;

-Банкарска групација АикГруп – дивизија активна во финансискиот сектор, што вклучува банкарско, брокерско и берзанско работење;

-МК Недвижности– дивизија активна во областа на хотелиерство и управување со недвижности во Хрватска, Србија, Црна Гора и Словенија;

-МК Електрична енергија – дивизија активна во областа на производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и биомаса).

АикГруп (КИ) Лимитед има еден поврзан субјект во Република Северна Македонија:

-МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Булевар Партизански одреди 155/1, ЕМБС 7838034 и приоритетна дејност 35.120 – Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Што се однесува до приходите генерирани од МК Груп во Република Северна Македонија, тие се остварени од прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј (*PIK Bečej*), Суноко/Кристал Суноко (*Sunoko/Kristal Sunoko*) и Карнекс (*Carnex*).

МК Груп не е присутна во банкарскиот сектор во Северна Македонија.

**Подравска банка д.д.** е хрватска универзална банка која нуди банкарски и други финансиски услуги во Република Хрватска.

Подравска банка нуди широк спектар на производи и услуги за малопродажни клиенти (физички лица) и корпоративни клиенти (мали, средни и големи претпријатија), вклучувајќи тековни и депозитни сметки, услуги за плаќање, кредитирање, брокерски и старателски услуги, благајнички и девизни услуги, како и дистрибуција на инвестициски фондови и производи за пензиско штедење.

Подравска банка д.д. нема зависни друштва, подружници или претставништва во Република Северна Македонија, ниту пак остварува промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2)

и од член 14 став (1) точка 1) и 2)  од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА  ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**